Врз основа на член 344, 351, 363, 367 и 383 од Законот за трговските друштва („ЗТД") (Службен весник на Република Македонија бр. 28/04 со сите последователни измени и дополнувања), член 22 став 1 точка 3 од статутот на Друштвото, собранието на акционери на Осигурително брокерско друштво М Брокер АД Скопје со регистрирано седиште на ул. Ленинова бр. 81/1 – 1.2 Скопје, со ЕМБС 7594232 („**Друштвото**"), на седницата на собранието на акционери на Друштвото, одржана на 12.06.2025 година, единствениот акционер Менаџмент Фајненшл Груп АД преку полномошник Симона Илиевска ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за отповикување и избор на членови на одбор на директори**

**Член 1**

Со оваа одлука, собранието ги отповикува следните членови на одборот на директори:

- Ивана Ангеловска Киранџиска од Скопје, со живеалиште на ул. Призренска 22 бр. 2 Чучер – Сандево Скопје, со ЕМБГ [redacted], од позицијата неизвршен член на одбор на директори.

**Член 2**

Со оваа одлука, собранието за член на одборот на директори го именува:

- Филип Јордановски од Скопје со адреса на Бул.Јане Сандански бр.16/1-7 Скопје со ЕМБГ [redacted] на позицијата неизвршен член на одбор на директори.

Членот на одборот на директори од став 1 на овој член се именува со мандат од 4 (четири) години, сметано од денот на изборот, со право да биде повторно именуван.

**Член 3**

Согласно оваа одлука, останатите членови на одборот на директори ја извршуваат својата функција до крајот на мандатот за кој се именувани.

Членовите на одборот на директори го имаат следното ограничување: за склучување на договори и/или било какви зделки чија вредност надминува износ од 10.000,00 евра од страна на било кој од членовите на одборот на директори ќе биде потребно задолжително претходно добиено писмено одобрување од страна на Менаџмент Фајненшл Груп АД како единствен акционер и сопственик на Друштвото. Ваквото ограничување не се однесува на налогот за исплата на плата.

**Член 4**

Членовите на одборот на директори ги вршат работите од нивната надлежност предвидени со статутот, ЗТД и другите применливи прописи.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**За Менаџмент Фајненшл Груп АД**
**преку полномошник**
**Симона Илиевска**